# Библија за деца
## претставува



# Ное и Потопот

Напишана од: Edward Hughes

Илустрирана од: Byron Unger; Lazarus;
Alastair Paterson

Адаптирана од: M. Maillot; Tammy S.

Преведена од: Christian Lingua
www.ChristianLingua.com

Изработена од: Bible for Children
www.M1914.org

©2020 Bible for Children, Inc.
Лиценца: имате право да ја копирате или да ја печатите оваа приказна, се додека не ја продавате.


Ное беше човек што
го обожаваше Бога.
Сите други го мразеа
и не го почитуваа
Бог. Еден
ден,
Бог рече
нешто
вчудонев-
идувачко.

„Ќе го уништам овој злобен свет,” му кажа Бог на Ное. „Само твоето семејство ќе биде спасено”.





Бог го предупреди Ное дека ќе се случи голем потоп и ќе ја прекрие земјата. „Изгради дрвен ковчег, брод кој ќе биде доволно голем за твоето ...



... семејство и многу животни,” му беше наредено на Ное. Бог му даде на Ное точни упатства. Ное се зафати со работа!




Луѓето
веројатно
му се
потсмеваа
кога Ное
објаснуваше
зошто гради
ковчег.


Ное продолжи да гради. Тој исто така
продолжи да им кажува на луѓето за Бог. Никој не го слушаше.

Ное имаше цврста верба. Тој му веруваше на Бог иако дури дожд никогаш немаше паѓано претходно.




Наскоро ковчегот беше готов да се натовари со залихи.

Сега дојдоа животните. Бог донесе седум од некои видови, два од други.



Птици големи и мали, ѕверови тенки и високи правеа пат до ковчегот.




Можеби луѓето извикуваа навреди по Ное
кога тој ги товареше животните.
Тие не престануваа да грешат
против Бог.  Тие не побараа
да влезат во ковчегот.


Конечно, сите животни и птици беа натоварени.
„Дојди во ковчегот”, Бог го покани Ное. „Ти и твоето семејство”.


Ное, неговата жена,
неговите
три сина и
нивните жени
влегоа во ковчегот.
Тогаш Бог ја затвори
вратата!



Тогаш почна дождот. Се лиеше дожд на земјата четириесет дена и четириесет ноќи.



И се
засили
водата на земјата
толку многу, што ги покри
сите градови и села.



Кога дождот запре, дури и планините беа под вода. Се што дишеше воздух умре.



Како што надоаѓаше водата, ковчегот пловеше над нивото. Можеби внатре беше темно, можеби нерамно, па дури и можеби страшно. Но ковчегот го заштити Ное од потопот.


По пет месеци поплава, Бог испрати ветар што суши. Полека, ковчегот дојде до ридовите на
планината Арарат.


Ное остана внатре уште четириесет дена додека се намалуваше водата.

Ное испрати гавран и гулаб низ отворениот прозорец на ковчегот. Не можејќи да најде суво и чисто место за одмарање, гулабот се врати кај Ное.

Една недела подоцна, Ное се обиде повторно. Гулабот се врати



со ново ливче маслина во клунот. Следната недела Ное знаеше дека земјата беше сува бидејќи гулабот не се врати.


Бог му кажа на Ное дека е време да го напушти ковчегот. Заедно, Ное и неговото семејство ги растоварија животните.


Колку благодарен Ное морал да се почувствува! Тој изгради олтар и го обожуваше Бог Кој го спаси него и неговото семејство од ужасниот потоп.


Бог му даде на Ное прекрасно ветување. Никогаш
повеќе Тој нема да испрати потоп да суди за човечкиот грев.


Бог
даде голем
потсетник
на Неговото
ветување.
Виножитото
беше знак на
Божјото
ветување.



Ное и неговото семејство најдоа нови почетоци по потопот. Со време, неговите потомци ја населија целата земја. Сите нации на светот доаѓаат од Ное и неговите деца.

**Ное и Потопот**

**Приказната од Словото Божјо, Библијата,**

**се наоѓа во**

**Битие 6-10**

**„Влезот на Твоето Слово дава светлина.”**
**Псалм 119:130**

# Крај

Оваа библиска приказна
ни раскажува за нашиот прекрасен Господ
кој нѐ создал и кој сака вие да Го знаете.

Господ знае дека сме правеле лоши нешта, кои Тој ги нарекува грев. Казната за грев е смрт, но Господ толку многу ве сака што го испратил Својот единствен Син, Исус, да умре на крст и да биде казнет за вашите гревови. Потоа Исус оживува и заминува дома во Рајот! Ако верувате во Исус и побарате од Него да ви ги прости вашите гревови, Тој ќе го направи тоа! Тој ќе дојде и ќе живее во вас, и вие ќе живеете со Него засекогаш.

Ако верувате дека ова е
вистина, кажете му го ова на Господ:
Драг Исус, верувам дека Ти си Бог и стана човекот кој умре за моите гревови и сега Ти повторно живееш. Те молам влези во мојот живот и прости ми ги гревовите, за да можам да имам нов живот сега и еден ден да дојдам да бидам со Тебе засекогаш. Помогни ми да Ти се покорувам и да живеам за Тебе како Твое дете. Амин.

Читај ја Библијата и разговарај
со Бога секој ден!
Јован 3:16